MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1051/0

Бр./Nr 12 - 254/4
29-05-2020 г./v.

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, на ден 15.01.2020 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на продолжението на 30-тата седница одржано на 21.05.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријавата поднесена од непознат подносител, на ден 15.01.2020 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-254/1 од 15.01.2020 година, во која се укажува на сомневање за неправилности и можни коруптивни дејствија при постапување по предмети што се водат во Секторот ____________ во Општина _______ _____, а се однесуваат на издавање на одобренија за градење.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-254/1 од 15.01.2020 година, поради непотврденост и неоснованост на наводите содржани во пријавата.

Предметот со број 12-254/1 од 15.01.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-254/1 од 15.01.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител.

Во пријавата се укажува на сомневање за неправилности и можни коруптивни дејствија при постапување по предмети што се водат во Секторот ____________ во Општина ______ _____, а се однесуваат на издавање на одобренија за градење. Имено, според наводите во пријавата приоритет во одлучувањето добиваат инвеститорите со основен проект изработен од ______ _____ ______ сопственост на татко на вработена во Општина ______ ____ – ____________________ и за истите никогаш нема забелешки, што не е случај со другите проектантски куќи.

Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет по оваа пријава и заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет побара од Општина _______ _____ да достави целосна информација за начинот на издавање на одобренија за градење.

Од страна на Општина _______ _____ е добиен одговор на барањето во кој е наведено дека наводите од пријавата се во целост неосновани, од причина што во сите постапки за издавање на одобренија за градење општината постапува согласно позитивните закони и подзаконски акти, така што ниту еден инвеститор, без оглед на друштвото кое го изработило основниот проект за потребите на постапката за добивање на одобрение за градење не добива приоритет или повластен третман од општина _______ _____. Во продолжение на одговорот е даден детален опис на начинот на издавање на одобренија за градење од страна на Општина _______ _____.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека наводите во пријавата се неосновани и непотврдени и оцени дека истата не содржи елементи за нејзино натамошно постапување согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: м-р Билјана Каракашова Шулев, Советник
Одобрил: м-р Шемши Салаи, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**